**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4145/1

Скопје 25.09.2017г.

**Предмет: Седми седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува седмиот седмичен извештај за периодот од 18 до 24 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ви ги доставуваме:

- четвртиот десетдневен извештај од мониторингот на медиумското известување за периодот од 6 до 15 септември 2017 година, што го објавивме на 21 септември 2017 година (четврток); и

- ажурираниот Преглед на пристигнати ценовници за платено политичко рекламирање, објавен на нашата веб страница.

Пред крајот на оваа седмица, на 22 септември 2017 година, Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери во Република Македонија со кој ги потсети на изборните правила за медиумско претставување за време на изборната кампања и на Методологијата за мониторинг, а ги покани и на посебна средба, на која тие, уште еднаш ќе бидат презентирани.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

директор

.................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009